Врз основа на член 22 ст. 1, т. 1 и член 62 ст. 1 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” бр. 5/2002), чл.16, ст. 1, т. 1, во врска со чл. 23, ст.1, т. 3 од Статутот на Општина Другово ( “Сл. гласник на Општина Другово”, бр. 6/2005), а во согласност со чл. 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” бр. 51/2005, 137/2007 и 91/2009), Советот на Општина Другово на седницата одржана на ден___ .11. 2009 година, ја донесе следната предлог:

***П Р О Г Р А М А***
***ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ОПШТИНА ДРУГОВО ЗА 2010 ГОДИНА***

## *1. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО:*

**1.1. Изработка на Урбанистички план за село Извор**

Урбанистичкиот план за село Извор да се изработи според член 8 од Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (“Сл. весник на РМ” бр.78/2006) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” бр.78/2006,140/2007).

**1.2. Усогласување на постоечката Урбанистичка документација за н. м. Другово со одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” бр. 51/2005;137/2007;91/2009);**

Врз основа на оваа Програма ќе се врши усогласување на Урбанистичката документација за н.м. Другово при што ќе се изработи Урбанистички план за село Другово според член 8 од Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (“Сл. весник на РМ” бр.78/2006) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” бр.78/2006,140/2007).

**1.3. Усогласување на постоечката Урбанистичка документација за н. м. Србјани со одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” бр. 51/2005; 137/2007; 91/2009) ;**

Врз основа на оваа Програма ќе се врши усогласување на Урбанистичката документација за н.м. Србјани при што ќе се изработи Урбанистички план за село Србјани според член 8 од Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (“Сл. весник на РМ” бр.78/2006) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” бр.78/2006,140/2007, 12/2009).

**1.4. Изработка на Урбанистички план за село Долно Добреноец**

Урбанистичкиот план за село Долно Добреноец да се изработи според член 8 од Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (“Сл. весник на РМ”бр.78/2006) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” бр.78/2006,140/2007, 12/2009).

**1.5. Изработка на Урбанистички план за село Горно Добреноец**

Урбанистичкиот план за село Горно Добреноец да се изработи според член 8 од Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (“Сл. весник на РМ”бр.78/2006) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” бр.78/2006,140/2007, 12/2009).

**1.6. Изработка на Урбанистички план за село Манастирско Доленци**

Урбанистичкиот план за село Манастирско Доленци да се изработи според член 8 од Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (“Сл. весник на РМ” бр.78/2006) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” бр.78/2006,140/2007, 12/2009).

**1.7. Изработка на Урбанистички план за село Пополжани**

Урбанистичкиот план за село Пополжани да се изработи според член 8 од Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (“Сл. весник на РМ” бр.78/2006) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” бр.78/2006,140/2007, 12/2009).

**1.8. Изработка на Урбанистички план за село Подвис**

Урбанистичкиот план за село Подвис да се изработи според член 8 од Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (“Сл. весник на РМ” бр.78/2006) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” бр.78/2006,140/2007,12/2009).

**1.9. Изработка на Урбанистички план за село Брждани**

Урбанистичкиот план за село Брждани да се изработи според член 8 од Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (“Сл. весник на РМ” бр.78/2006) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” бр.78/2006,140/2007,12/2009).

## *2. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО:*

**2.1 Урбанистички план вон населено место Козица**

Изработка на Урбанистички план вон населено место Козица е по барање на физички лица кои делумно ќе го финансираат планот за КП бр. 10, 295, 894 за КО Козица во плански опфат покрај регионалниот пат за Битола.

**2.2 Урбанистички план вон населено место Србјани**

Изработка на Урбанистички план вон населено место Србјани е по барање на физичко лице кое делумно ќе го финансира планот за изградба на објекти од туристичко-рекреативен и угостителски карактер на КП бр. 533, 534, и дел од 1529, м.в. “Ливада” КО Србјани, според сопствена проектна програма и површина на локација од 1.238 ха покрај р.Треска.

**2.3 Урбанистички план вон населено место Малкоец**

Изработка на Урбанистички план вон населено место Малкоец е по барање на физичко лице кое делумно ќе го финансира планот за КП бр. 126 и КП сопственост на РМ за КО Малкоец м.в. “Малезица”, според сопствена проектна програма, со површина на локација од околу 1498 м2 за објект ресторан со рибник.

**2.4 Урбанистички план вон населено место Малкоец**

Изработка на Урбанистички план вон населено место Малкоец по барање на правно лице кое во целост ќе го финансира Планот за КП бр. 1518 на м.в. “Голема Нива” за КО Малкоец според сопствена проектна програма и елаборат за наведената катастарска парцела.

**2.5 Урбанистички план вон населено место Горно Добреноец**

Изработка на урбанистички план вон населено место Горно Добреноец по барање на правно лице, кое во целост ќе го финансира изработувањето на Планот на КП 666/4, 675 и

676, на м.в. " Решкоглав" КО Горно Добреноец, со плански опфат во површина од 3765 $м^2$, според сопствена проектна програма и елаборат за наведените катастарски парцели.

**2.6 Урбанистички план вон населено место Долно Добреноец**

Изработка на урбанистички план вон населено место Долно Добреноец по барање на правно лице, кое во целост ќе го финансира изработувањето на Планот со плански опфат во површина од 5 1905$м^2$ или 5 ха 1905 $м^2$ во кој влегуваат поголем број катастарски парцели во приватна сопственост, м.в. "Свињиште" КО Долно Добреноец, според сопствена проектна програма и елаборат за катастарските парцели во планскиот опфат, со намена **поставување сончеви колектори за производство на електрична енергија (Fotovoltejt sistem).**

**2.7 Урбанистички план вон населено место Долно Добреноец**

Изработка на урбанистички план вон населено место Долно Добреноец по барање на правно лице, кое во целост ќе го финансира изработувањето на Планот со плански опфат во површина од 7 18 55 $м^2$ или 7 ха 1855 $м^2$ во кој влегуваат поголем број катастарски парцели во приватна сопственост м.в. "Равен" КО Долно Добреноец, според сопствена проектна програма и елаборат за катастарските парцели во планскиот опфат, со намена **поставување сончеви колектори за производство на електрична енергија (Fotovoltejt sistem).**

УПВНМ да се изработат според член 9 од Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови ("Сл. весник на РМ" бр.78/2006) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр.78/2006, 140/2007 и 12/2009).

**3.ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА (ЛУПД)**

Локална урбанистичка планска документација е планска документација со која се врши уредување и користење на просторот со определување градежна парцела во и вон планскиот опфат, како и уредување и користење простор во рамките на формирана градежна парцела, а заради реализација на инвестициски проекти од значење за општината.

Во плански опфат со ЛУПД се уредува просторот во следните случаи: - доколку не е оформена градежна парцела ако до истата постои изградена сообраќајна секундарна инфраструктура; - во рамките на формирана градежна парцела заради усогласување на површината за градење и максималната висина на градбата со стандардите и нормативите за урбанистичко планирање и доколку не е оформена градежна парцела за изградба на инфраструктурни градби и водови.

За утврдување граници и содржина на планскиот опфат при изработка на урбанистичкиот план, се составува **планска програма**.

Потребата од изработување ЛУПД ја утврдува советот на општината. ЛУПД ја одобрува градоначалникот на општината.

**4.** Изработката на плановите од точките 1, 2 и 3 од оваа Програма ќе бидат финансирани од буџетот на Општина Другово, Буџет на РМ, самофинансирање од страна на заинтересирани правни и физички лица чиишто програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за општината, како и од други извори на финансирање.

**5.** За спроведување постапка за изработување на плановите предвидени во оваа Програма до нивно донесување, за начинот, динамиката и наменското користење на средствата ќе се грижи Градоначалникот на Општината Другово по предходна согласност од Советот.

**6.** Програмата за урбанистичко планирање на општина Другово за 2010 година може да се менува и дополнува врз основа на барања на правни и физички лица кои се спремни да иницираат и финансираат изработка на урбанистички планови за локации кои се прифатливи за општината.

**7.** Програмата влегува во сила осмиот ден по објавувањето во Службен гласник на општината Другово.

Бр. 01- 1314/13
10 .11.2009 год.
Другово

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДРУГОВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Цветко Ѓорѓијоски**

***O B R A Z L O @ E N I E***

***NA PREDLOG PROGRAMA ZA URBANISTI^KO PLANIRAWE***

***NA OP{TINA DRUGOVO ZA 2010 godina .***

Изработувањето, донесувањето и спроведувањето на урбанистичките планови се работи од јавен интерес. Оваа материја е уредена со Закон за ПУП.

За да може да се уреди и користи просторот во една Општина за хумано живеење и работа на граѓаните, треба да се донесе Годишна Програма за изработување на плановите од чл. 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл.весник на РМ” бр. 51/2005, 137/2007 и 91/2009). Донесувањето Годишна Програма е обврска на општината предвидена во член 17 од горенаведениот Закон.

Како што ни е веќе познато, во руралните општини планирањето на просторот се врши преку изработка на Урбанистички план за село, Урбанистички план вон населено место, Општи акт, и сега, со најновата измена во Законот за просторно и урбанистичко планирање, се воведува изработка на Просторен план на општина за подрачјето на општината и Локална урбанистичка планска документација. Се изработува......................................................

Со измените во чл. 78 ставовите (1) и (2) од Законот за просторно и урбанистичко планирање, усогласувањето на постоечките УДНМ - Урбанистичките документации за населените места, донесени пред денот на влегувањето во сила на овој Закон, ќе се применуваат како урбанистички план за село и истите ќе се УСОГЛАСАТ со одредбите од Законот, наместо во рок од две години, сега рокот е продолжен на четири години.
Се воведува Планска програма со која се утврдуваат границите и сидржините на планскиот опфат.

Предлагаме, со изменување и дополнување на Програмата од 2008 година да се донесе оваа Програма за 2009 година особено во овој период, на сам почеток на новата календарска година од следните причини: во рок до крајот на јануари, оваа Програма треба да се достави до МТВ, до МК, да се изготви Годишен извештај за состојбата и промените во просторот односно да се пополни информативен лист за 2008 год. по барање на МЖСПП во кој треба да се дадат податоци и од областа на урбанизмот.

Во оваа предлог Програма е вграден текстот од Одлуката за измена и дополна на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Другово за 2008 година, донесена од страна на Советото под бр.07-764/6 од 30.07.2008 годона, а се однесува на изработна Урбанистички план за вон населено место Србјани за кп 165, м.в. “Бароица'

Во Програмата за 2009 година не се предлага изработка на Општ акт, нема прдлог и нема доволно средства.

За н.м. Другово постапката за изработка на УПС е во тек, за н.м. Попоец во целост зарши постапката за изработка на УПВНМ и истиот е денесен.

Предлагаме Советот на општина Другово да се произнесе по текстот на оваа Предлог Програма за урбанистичко планирање на општина Другово за 2008 год. и истата да ја донесе.

ОПШТИНА ДРУГОВО
Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита
на животната средина во општина Другово